Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС од општа надлежност Битола во текот на 1-во полугодие од 2013 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС од општа надлежност Битола во текот на 1-во полугодие од 2013 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1156/1
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС од општа надлежност Битола во текот на 1-во полугодие од 2013 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на ПС од општа надлежност Битола во текот на 1-во полугодие од 2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-34/3
30.08.2013 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Процената на загрозеноста на безбедноста на Општина Битола
од сите ризици и опасности

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Процената на загрозеноста на безбедноста на Општина Битола од сите ризици и опасности, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/2
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Проценатa на загрозеноста на безбедноста на Општина Битола од сите ризици и опасности

1. СЕ УСВОЈУВА Процената на загрозеноста на безбедноста на Општина Битола од сите ризици и опасности.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-34/4
30.08.2013 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот
за усвојување Кварталниот извештај за извршување на
Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2013 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2013 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/3
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( "Службен весник на Р.М" бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола ( "Службен гласник на Општината Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 30.08.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Кварталниот извештај за извршување на
Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2013 година

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за вториот квартал од 2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Битола".

Бр 07-34/5
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги за ревитализација, модернизација и одржување на уличното осветлување на територија на Општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги за ревитализација, модернизација и одржување на уличното осветлување на територија на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/4
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22, став 1 и точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл. весник на РМ“ бр. 6/12 ), Советот на општина Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги за ревитализација, модернизација и одржување на уличното осветлување на територија на Општина Битола**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Битола започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги за ревитализација, модернизација и одржување на уличното осветлување на територија на Општина Битола, (во натамошниот текст: Договор за ЈПП).

Општина Битола има потреба да го ревитализира, надгради и модернизира системот на јавно улично осветлување со цел да обезбеди поквалитетна јавна услуга. Начинот на кој е организирано постојното јавно улично осветлување е на такво ниво кое продуцира голема потрошувачка на енергија, со чести дефекти на светилките поради што е укажана потреба од инвестирање во енергетски ефикасни светилки со што ќе се постигне подобар квалитет со помали трошоци. Со оглед на тоа дека Општина Битола не располага со буџетски фискален капацитет кој може да обезбеди постигнување на овие цели се пристапува преку Договор за ЈПП да се реализира капитална инвестиција во опрема и техника за улично осветлување.

**Член 2**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на Договорот за ЈПП се:

- зголемување на квалитетот и опфатот на услугата јавното осветлување
- заштеда на електрична енергија
- намалување на расходите во буџетот на локалната власт
- ослободување на фискален простор за нови проекти во областа на животната средина/енергетска ефикасност
- поголема безбедност на улиците
- намалување на дефекти на светилки,
- заштита на животната средина

**Член 3**

Предмет на Договорот за ЈПП е:

- финансирање на Договорот за ЈПП од страна на приватен партнер;
- замена на постоечките светилки со ЛЕД енергетски ефикасни светилки (обврска на приватниот партнер);

- набавка и инсталација на опрема за автоматизирање и мониторинг на системот во секој мерен ормар и инсталација на минимум две контролни места (безжична комуникација со секој ормар WiFi или GPRS) за контрола на исправноста на системот и диспечерски места со телефонска врска за пријава на дефекти (едното во просториите на Општина Битола). Треба да постои можност за прилагодување на целата опрема за приклучување со оптичка мрежа за комуникација која би се воспоставила во иднина. Комплетната опрема ке биде финансирана од страна на приватниот партнер.
- преместување на броилата, мерната и заштитна опрема надвор од трафостаница на ЕВН во посебни стандардни ормарчиња заедно со опремата за мониторинг и сите изводи (обврска на приватниот партнер);
- одржување на системот (светлосните тела, инсталацијата на канделабрите од отворот до светлосното тело, мерната, командната и мониторинг опремата), обврска на приватниот партнер; и
- пренос на опремата и новите светилки ке преминат во сопственост на Општина Битола на начин и под услови кои ке бидат определени во Договорот за јавно приватно партнерство.

**Член 4**

Проценета вредност и сите технички и економски параметри кои се основа за водење на постапката за склучување на Договорот за ЈПП се определени со физибилити студија, а конечната вредност на договорот да се утврди во законска постапка со примена на моделот за еднаков третман и недискриминација, конкурентност и транспаретност

**Член 5**

Согласно член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство Договорот за ЈПП ќе се додели со оглас за доделување на договор за јавна набавка со ограничена постапка согласно законот за јавни набавки Сл. Весник бр. 185/11.

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 10.000,00 денари.

Спроведувањето на постапката од став 1 на овој член ќе започне најдоцна во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 6**

Приватниот партнер ќе остварува приходи како надомест за цена на капиталот и услугата за тековно одржување, за период утврдена во постапка со оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, како месечен надоместок со утврдена висина во постапка за јавна набавка утврдено во член 5 од оваа одлука.

**Член 7**

Постапката за доделување на Договорот за јавно приватно партнерство од член 3 на оваа одлука ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката формирана од страна на Градоначалникот на Општина Битола.

Согласноста и овластувањето на Градоначалникот на Општина Битола за потпишувањето на договорот за Јавно приватно партнерство ја носи Советот на Општина Битола.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Битола“.

Бр 07-34/6
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за давање согласност за организирање на училишниот спорт
на подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за организирање на училишниот спорт на подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/5<br>03.09.2013 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02) и Член 22 од Законот за спортот („Сл. весник на РМ“ бр.29/02), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за организирање на училишниот спорт на подрачјето на Општината Битола

Член 1

Организирањето на училишнот спорт во основните и средните училишта на подрачјето на Општината Битола се врши преку училишни спортски клубови.

Член 2

Организиран училишен спортски клуб е здружение од областа на спортот кое ќе делува при основните и средни училишта во рамките на Општината Битола.

Член 3

Училишните спортски клубови остварувањето на целите спорт и рекреација на своите членови го реализираат преку членување во Општински сојуз на училишен спорт и во Федерација на училишен спорт на Македонија.

Член 4

Органи на управување на Општинскиот сојуз на училишен спорт се Собрание и Извршен одбор. Членови на собранието се сите претседатели на училишните спортски клубови, а 2 члена предлага Градоначалникот на Општината од истакнати спортски работници.

Член 5

Финансирањето на училишните спортски клубови се врши од сопствени извори, помошти, спонзорства и донации. Финансирањето на Општинскиот сојуз на училишен спорт се врши од сопствени извори, помошти, спонзорства, донации и од доделено средства од Буџетот на општината врз основа на поднесена програма усвоена од собранието на Општинскиот сојуз на училишен спорт.

Член 6

Извршниот одбор во рок од 60 дена по истекот на годината му доставува на собранието информација за работењето и финансиската состојба на оцварени приходи и трошоци. Собранието во рок од 15 дена донесува Одлука за усвојување и ја доставува до Совет на Општина Битола.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола ”

Бр 07-34/7<br>
30.08.2013 год.<br>
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
на Советот на Општина Битола<br>
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт („Службен весник на РМ“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11 и 51/11) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт

Член 1

Во Одлуката за утврдување на интерес за основање на Акционерско друштво за вршење дејност спорт („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 13/2012) по членот 2 се додава нова член 2-а, кој гласи:

Член 2-а

Седиштето на Друштвото ќе биде во Битола на ул. „Илчо Стојановски“ бр. 2.

Член 2

По членот 4 се додаваат четири нови члена 4-а, 4-б, 4-в и 4-г, кои гласат:

Член 4-а

Управувањето на Друштвото ќе се организира според едностепениот систем на управување.

Органи на Друштвото се:

- Собрание на друштвото и
- Одбор на директори

Член 4-б

Со Друштвото ќе управува Одборот на директори во рамките на овластувањата определени со Законот за трговски друштва, Статутот и овластувањата што изречно му се дадени од Собранието на Друштвото. Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото. Мандатот и статусот на членовите на Одборот на директори ќе се определи со Статутот на Друштвото.

Член 4-в

Со Статутот на Друштвото поблиску ќе се уредат фирмата и седиштето; предметот на работењето на Друштвото; износот на основната главнина;

номиналниот износ на акциите; бројот на акциите; и други прашања од значење за Друштвото согласно Законот за трговските друштва.

2.-

Член 4-г

Работите од надлежност на Собранието на Друштвото, Општина Битола ќе ги врши преку овластен претставник.

Се овластува овластениот претставник да ги преземе сите дејствија и активности во претставувањето на Општина Битола во Собранието на акционери, како и да ги преземе сите потребни дејствија и активности, како и да ги донесе потребните одлуки за основање на Друштвото, а особено да ги преземе акциите на Друштвото; да го изготви, усогласи и донесе Статутот на Друштвото како и да го потпише Статутот на Друштвото; да потпише изјава за преземање на акциите; да потпише изјава дека основањето е согласно закон; да донесе одлука за избор на органите на управување; да го состави извештајот за текот на основањето на Друштвото; да поднесе пријава за основање на Друштвото; како и сите потребни дејствија за основање на Друштвото.

За овластен претставник од Советот на Општината Битола кој ќе ги врши работите од надлежност на Собранието на Друштвото, Советот на Општина Битола го именува:

Пеце Милевски, член на Советот на Општината Битола.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр. 07-34/8
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

ЗАКЛУЧОК
□□ □□□□□□□□□□ □□ □□□□□□□□□
за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор
на ЈП „Пазари“ Битола за задолжување на ЈП „Пазари“ Битола
со кредит за набавка на основно средство од
Стопанска банка АД Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола за задолжување на ЈП „Пазари“ Битола со кредит за набавка на основно средство од Стопанска банка АД Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/7
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор
на ЈП „Пазари“ Битола за задолжување на ЈП „Пазари“ Битола
со кредит за набавка на основно средство од
Стопанска банка АД Битола

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола бр. 02-204 од 23.08.2013 година за задолжување на ЈП „Пазари“ со кредит за набавка на основно средства од Стопанска банка АД Битола.

2. □□□□□□□□□ влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-34/9
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

□□ □□□□□□□□□□ □□ □□□□□□□□□

за формирање Управен одбор на Фондот на Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението За формирање Управен одбор на Фондот на Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/8
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 9, член 22 став 1 точка 44 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## За формирање Управен одбор на Фондот на Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола

1. Се формира Управен одбор на Фондот на Наградата „4. Ноември“ на Советот на Општината Битола во состав:

Силвана Ангелевска, претседател

Членови:

- Игор Хаџиевски,
- Габриела Илиевска,
- Јулијана Силјановска,
- Соња Карапашовска,
- Горан Михајловски,
- Соња Трпезановска,
- Методија Илиевски
- Снежана Стоилова.

2. □□□□□□□□□ влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-34/10
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
□□ □□□□□□□□□□ □□ □□□□□□□□□
за формирање Комисија за подигање на спомен обележја

1. Го објавувам Решението за формирање Комисија за подигање на спомен обележја, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/9
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележја („Сл. Весник на РМ“ бр. 66/04), член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за формирање Комисија за подигање на спомен обележја

1. Се формира Комисија за подигање спомен обележја, во состав:

Јовица Богоев, претседател
Членови:

- Благој Шаклевски,
- Иса Ибиш,
- Котески Благојче и
- Методија Илиевски.

2. □□□□□□□□□ влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-34/11
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

□□ □□□□□□□□□□ □□ Заклучокот
за номинирање претставник од Општината Битола кој ќе учествува
во работата на Советот за управување со подрачје на речен слив
на реката Вардар.

1. Го објавувам Заклучокот за номинирање претставник од Општината Битола кој ќе учествува во работата на Советот за управување со подрачје на речен слив на реката Вардар, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/10
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за номинирање претставник од Општината Битола кој ќе учествува во работата на Советот за управување со подрачје на речен слив на реката Вардар.

1. За претставник од Општината Битола кој ќе учествува во работата на Советот за управување со подрачје на речен слив на Реката Вардар се номинира Секретарот на Општината Битола.

2. □□□□□□□□□□ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-34/12
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за прифаќање во сопственост на
недвижни ствари на Општината Битола без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/11
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ 10/05), а во врска со член 1 од Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола („Сл. весник на РМ“ бр. 118/2013), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

# О Д Л У К А
## за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок

### Член 1

Со оваа Одлука Општината Битола ги прифаќа во сопственост без надоместок недвижните ствари кои се наоѓаат во Касарната „Стеван Наумов-Стив“ на КП бр. 17595/1 запишани во ИЛ бр. 26860 за КО Битола, место викано Хераклеа, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- објект бр. 14 (по старо бр. 9) во вкупна површина од 319 м2;
- објект бр. 49 (по старо бр. 3) во вкупна површина од 2.608 м2;
- објект бр. 50 (по старо бр. 4) во вкупна површина од 1.440 м2;
- објект бр. 51 (по старо бр. 95) во вкупна површина од 1.317 м2;
- објект бр. 52 (по старо бр. 94) во вкупна површина од 1.326 м2 и
- објект бр. 53 (по старо бр. 93) во вкупна површина од 1.326 м2.

### Член 2

За примопредавањето на недвижните ствари ќе се состави записник.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Битола”.

Бр 07-34/13
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката
за измена и дополнување на
Одлуката за продажба на недвижен имот
во сопственост на Општината

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за продажба на недвижен имот во сопственост на Општината, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.08.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1156/12
03.09.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, 50, и 66 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05 ), член 3 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општина Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.08.2013 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на
Одлуката за продажба на недвижен имот
во сопственост на Општината

Член 1

Во Одлуката за продажба на недвижен имот во сопственост на Општината („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 09/2013) членот 1 се дополнува со:

- објект бр. 14 (по старо бр. 9) во вкупна површина од 319 м2;
- објект бр. 49 (по старо бр. 3) во вкупна површина од 2.608 м2;
- објект бр. 50 (по старо бр. 4) во вкупна површина од 1.440 м2;
- објект бр. 51 (по старо бр. 95) во вкупна површина од 1.317 м2;
- објект бр. 52 (по старо бр. 94) во вкупна површина од 1.326 м2 и
- објект бр. 53 (по старо бр. 93) во вкупна површина од 1.326 м2.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Битола”.

Бр 07-34/14
30.08.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Д-р Силвана Ангелевска